РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCATE
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ / BYROJA E PROKURIMIT PUBLIK
Бр.Nr. 01-1375/18
12.09.2023 год.
С К О П Ј Е / SHKUP

Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

# ТЕХНИЧКО УПАТСТВО ПРИ ИНСТАЛИРАЊЕ НА КОМУНИКАЦИСКАТА ТЕХНИЧКА ОПРЕМА

Септември, 2023 година

[1] 01-1375/18 [2023]

Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 154/19), член 45 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РСМ", бр. 24/19), а согласно Политиката за создавање систем за заштита на личните податоци и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.122/20), Директорот на Бирото за јавни набавки ја донесе следната:

## ТЕХНИЧКО УПАТСТВО ПРИ ИНСТАЛИРАЊЕ НА КОМУНИКАЦИСКАТА ТЕХНИЧКА ОПРЕМА

### Поим

Ова техничко упатство има за цел да обезбеди технички мерки за тајност и заштита при обработката на личните податоци при инсталирање на информатичко комуникациската опрема во Бирото за јавни набавки (во натамошниот текст: Бирото).

### 1. Технички мерки

При инсталирање на информатичко комуникациска опрема во Бирото се обезбедуваат следните технички мерки за тајност и заштита при обработката на личните податоци:

- единствено корисничко име;
- лозинка креирана од секое овластено лице, составена од комбинација на најмалку осум алфанумерички карактери и минимум една голема буква и специјални знаци;
- корисничко име и лозинка која овозможува пристап на овластеното лице до информацискиот систем во целина, на поединечни апликации и/или поединечни збирки на лични податоци потребни за извршување на неговата работа;
- автоматизирано одјавување од информацискиот систем после изминување на определен период на неактивност од најмногу 15 минути, а за повторно активирање на системот потребно е повторно најавување со корисничко име и лозинка;
- автоматизирано отфрлање од информацискиот систем по три неуспешни обиди за најавување (внесување погрешно корисничко име или лозинка) и автоматизирано известување на овластеното лице дека треба да се побара инструкција од администраторот на информацискиот систем;
- инсталирана хардверска/софтверска заштитна мрежна бариера (фајервол) или рутер информацискиот систем и интернет и било која друга надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез и пробивање на системот;

- ефективна и сигурна анти-вирусна и анти-спајвер заштита на информацискиот систем, која постојано ќе се ажурира заради превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси и спајвери;
- ефективна и сигурна анти-спам заштита која постојано ќе се ажурира заради превентивна заштита од спамови, и
- приклучување на информацискиот систем (компјутерите и серверите) на енергетска мрежа преку уред за постојано напојување.

**2. Објава**

Ова техничко упатство влегува во сила со денот на неговото донесување и истото се објавува на веб страницата на Бирото.

**БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**
Директор
Борче Хаџиев